# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДРОГА, АЛКОХОЛ И ЦИГАРИ НА РАБОТНО МЕСТО

## Консумирање на дрога и алкохол

Политика е на Коалиција СЕГА да унапредува работна атмосфера без користење на дрога и алкохол. Им се препорачува на сите вработени , да ги почитуваат условите на оваа декларација. Во согласност со својата политика, вработените се должни да изјават дека ќе развиваат соодветни ментални и физички услови за работа.

СЕГА се декларира против производство, дистрибуирање, делење, поседување или користење на незаконски супстанци од страна на вработените во било кое време во просториите на СЕГА или додека се спроведуваат активности на СЕГА без разлика дали се или не се во просториите на СЕГА. Горенаведеното се препорачува и при пријавување на работа, извршување на должности или учество на настани организирани од СЕГА под влијание на незаконска супстанца.

СЕГА исто така е против користење на алкохолни пијалаци од страна на вработените во било кое време во просториите на СЕГА, освен кога е одобрено за специјални настани на СЕГА или специфично дозволено е од извршниот директор. Кога користењето на алкохол е дозволено за специјален настан на СЕГА, од вработените се очекува да бидат внимателни и да покажат самоконтрола.

СЕГА го препознава користењето на алкохол и дрога како болест, но и исто така како сериозна здравствена и безбедносна закана.

## Консумирање на цигари

СЕГА одржува слободна работна атмосфера на сите локации кои спаѓаат под користење на Коалицијата. Во согласност со другите членови на персоналот и посетителите, пушењето е дозволено само во претсобјето на канцелариите на СЕГА. Пушачите се одговорни за чистење на пепелниците и одржување на претсобјето чисто.